У-6.бр.1743/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - виш судски референт Александра Гоческа Крстевска, одлучувајќи по тужбата на тужителот ТГС Технички гасови ДОО Скопје поднесена преку зконски застапник – управител Александар Чадиковски од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-818/11 од 10.09.2020 година, вредност на спорот 7.067.049,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 01.07.2021 година во присуство на полномошникот на тужителот - Адвокат Андријана Јанковска од Скопје, со заменичко полномошно дадено од адвокат Емил Мифтари од Скопје и овластен претставник на тужениот орган - Зоран Трајановски од Скопје, а во отсуство на заинтересираните лица ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ Скопје и МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС увоз-извоз Скопје - уредно поканети, на ден 08.07.2021 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и јавно ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ТГС Технички гасови ДОО Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-818/11 од 10.09.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот, да се задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспори законитоста на решението означено во изреката на пресудата поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба која му претходела на актот и погрешна примена на материјално право со предлог, судот да ја уважи тужбата, оспореното решение да го поништи во целост и со своја пресуда да одлучи и за жалбата во постапката за јавна набавка на начин што истата ќе ја усвои, а постапката за јавна набавка на медицински и технички гасови број 11206/2020 објавена на 05.08.2020 година ќе ја поништи.

Тужениот орган целокупното досие со списите го овозможи достапно на Електронскиот систем за јавни набавки, и достави писмен одговор со кој ги оспори тужбените наводи со предлог тужбата да се одбие како неоснована. Судот одговорот на тужбата го достави до тужителот но иако уредно го примил на ден 25.12.2020 година, не се произнесе по истиот.

Тужбата и одговорот на тужба даден од тужениот орган, Судот ги достави заедно со поканата за јавна расправа до ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ Скопје како заинтересирано лице, но иако уредно ги примил на ден 15.06.2021 година, не се произнесе по истите и до МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС увоз-извоз Скопје како заинтересирано лице, но иако уредно ги примил на ден 14.06.2021 година, не се произнесе по истите.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд закажа јавна расправа на ден 01.07.2021 година која се одржа во присуство на полномошникот на тужителот - Адвокат Андријана Јанковска од Скопје, со заменичко полномошно дадено од адвокат Емил Мифтари од Скопје и овластен претставник на тужениот орган - Зоран Трајановски од Скопје, а во отсуство на заинтересираните лица ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ Скопје и МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС увоз-извоз Скопје - уредно поканети, видно од повратниците приложени во списите на предметот.

На јавната расправа судијата известител го изложи предметот при што се наведе дека, со оспореното решение жалбата на сега тужителот, изјавена во врска со отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.11206/2020 за набавка на стоки - Медицински и технички гасови на договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, се одбива поради неоснованост и истото станало конечно.

Од образложението на оспореното решение произлегува дека Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.11206/2020 за Медицински и технички гасови, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр. 34-96/1 од 04.08.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службениот весник на Република Северна Македонија. Набавката била делива на дванаесет делови, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената и ќе заврши без спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (05.00%).

Подносителот - економски оператор ТГС Технички гасови АД Скопје на 27.08.2020 година во 13:32 часот поставил прашање за појаснување на тендерската документација за отворена постапка за набавка на медицински и технички гасови број 11206/2020 објавена на 05.08.2020 година од страна на Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје кое се однесувало на дел 9 - техничка спецификација во врска со барањето на Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје за доставување на решение за ставање на лек во промет за дел 1 и 2 од тендерската документација, односно дали со оглед на тоа што одредени одредби на Законот за лекови дозволуваат прометување на лек и без решение за ставање на лек во промет, може да се прифати снабдување и без решение за ставање на лек во промет, а во согласност со законските одредби.

Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, на 28.08.2020 година во 09:38 часот одговорил на поставено прашање, дека не може да се прифати снабдување без решение за ставање на лек во промет од причини што согласно член 17 од Законот за лекови и медицински помагала, лек може да се стави во промет ако има издадено одобрение за ставање во промет согласно Законот за лекови. Укажал дека, согласно член 11 став 2, лекот може да се прометува без одобрение само во оправдани причини наведени во ставот 2 и во случај кога нема друг лек што има одобрение за ставање лек во промет.

Незадоволен од одговорот на прашањето за појаснување на тендерска документација, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор “ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ“ АД Скопје.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донела оспореното Решение број 09-818/11 од 10.09.2020 година, со кое ја одбила жалбата на сега тужителот ТГС Технички гасови ДОО Скопје поради неоснованост. Во образложението, Државната комисија навела дека постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во досието од постапката на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) утврдила дека жалителот на ден 27.08.2020 година поставил прашања до договорниот орган на кои договорниот орган согласно член 81 став 4 од Законот за јавните набавки, навремено на ден 28.08.2020 година и соодветно одговорил на поставените прашања. Укажала дека, го прифатила образложението на договорниот орган во одговорот на жалбата каде меѓу другото објаснува дека, во член 79 став (4) е наведено дека „Агенцијата може да одобри увоз само на препарати кои се категоризирани како лекови, а немаат одобрение за ставање во промет“ а со оглед на тоа дека медицинскиот кислород е регистриран и има такво одобрение, економските оператори не можат без решение за ставање на лек во промет да ги прометуваат овие стоки. Во тендерската документација стриктно било наведено дека за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка за дел 1,2 и 3, економскиот оператор требало да го докаже тоа со доставување на Решение за ставање во промет на готов лек, согласно Законот за лекови и медицински средства. Медицинскиот кислород бил регистриран во Регистарот на лекови од Агенцијата за лекови и медицински средства, два понудувачи имале доставено валидно одобрение за ставање во промет а жалителот имал одобрение за ставање во промет кое важело до 30.01.2019 година и истото не го обновил.

Откако беа изложени наводите на тужителот дадени во тужбата, судот даде збор на полномошникот на тужителот ТГС Технички гасови ДОО Скопје - Адвокат Андријана Јанковска од Скопје, со заменичко полномошно дадено од адвокат Емил Мифтари од Скопје да се произнесе, при што истиот изјави дека останува кон наводите истакнати во тужбата. Во однос на наводите на тужениот орган, со кои ги оправдува постапките на Договорниот орган согласно член 79 став 4 од Законот за лекови и медицински помагала, истакна дека истата одредба воопшто не се однесува на исклучокот кој е даден во Законот во однос на издавање на одобрение за увоз за лек кој нема одобрение за ставање во промет, а е на листата на есенцијални лекови. Имено тужениот орган пропуштил да истакне дека одредбата од член 79 став 4 се однесува на исклучок од ставот 2 алинеја 4 од член 79, а не се однесува на исклучок на членот 79 став 1 алинеја 1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Овластениот претставник на тужениот орган во своето излагање наведе дека отануваат во се како во Одговорот на тужба.

Во доказна постапка, Судот на расправата изврши увид во оспореното решение и приложените списи во електронското досие, како и во Листата на есенцијални лекови и Одговор на барање бр.12-9503/2 од 05.10.2020 година на Агенцијата за лекови и медицински средства, доставени до тужителот, приложени во прилог на тужбата.

Управниот суд, по завршувањето на јавната расправа и по советувањето и гласањето, по оцена на доказите поединечно и во нивна меѓусебна поврзаност, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019),„Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член, „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон“.

Согласно член 3 став 1 од истиот Закон, Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. Согласно став 2 од истиот член, При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.“.

Согласно член 49 став 1 од истиот Закон, Договорниот орган може да спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност и на работи до 500.000 евра во денарска противвредност. Согласно став 2 од истиот член, Во поедноставената отворена постапка, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Согласно

став 3 од истиот член, Во прилог на понудата се доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. Согласно став 4 од истиот член, Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата. Согласно став 5 од истиот член, Договорниот орган ги прифаќа документите за утврдување на способност од ставот (4) на овој член кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите. Согласно став 6 од истиот член, Минималниот временски рок за поднесување на понудите е 15 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.

Согласно член 81 став 1 од истиот Закон, Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Согласно став 2 од истиот член, Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. Согласно став 3 од истиот член, По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. Согласно став 4 од истиот член, Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 5 од истиот член, Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. Согласно став 6 од истиот член, Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 7 од истиот член, Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост".

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 10 REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP

Согласно член 89 став 1 од истиот Закон, Услови за квалитативен избор на економските оператори се: а) способност за вршење професионална дејност; б) економска и финансиска состојба и в) техничка и професионална способност. Согласно став 2 од истиот член, Како услови за квалитативен избор на економскиот оператор договорниот орган може да користи само услови утврдени во ставот (1) на овој член. Согласно став 3 од истиот член, Договорниот орган, во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај деливите набавки. Согласно став 4 од истиот член, Договорниот орган задолжително ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а може да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност. Согласно став 5 од истиот член, Договорниот орган во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување интерес или во периодичното индикативно известување во случаите кога се користи како замена за оглас, ги наведува условите потребни за учество, кои се изразуваат како минимални параметри, вклучувајќи ги и релевантните докази.

Согласно член 141 став 1 од истиот Закон, Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. Согласно став 2 точка 6 од истиот член, Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција“.

Согласно член 143 став 1 од истиот Закон, Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: 1.објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација; 2.објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации; 3.отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или 4.прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката. Согласно став 2 од истиот член, Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Согласно член 35 став 1 и член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), судот одлучува во границите на тужбеното барање, но притоа не е врзан со причините на тужбата, при што судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот Закон, судот, ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 40 став 1 од истиот Закон, Доколку не дојде некоја странка или друг учесник на расправата без за истото да даде оправдување, а уредно е поканет, расправата може да се одржи без нивно присуство.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, имајќи ги предвид напред цитираните законски одредби, приложените докази како и наводите од одржаната јавна расправа, судот најде дека тужениот орган, спровел законита постапка и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба, донел правилно и законита решение кое содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел тужениот орган при одлучувањето, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

Во тужбата тужителот наведува дека, на 27.08.2020 година во 13:32 часот поставил прашање за појаснување на тендерската документација за отворена постапка за набавка на медицински и технички гасови број 11206/2020 објавена на 05.08.2020 година од страна на Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје, кое прашање се однесувало на дел 9 од техничка спецификација во врска со барањето на Договорниот орган за доставување на решение за ставање на лек во промет за дел 1, 2 и 3 од тендерската документација, односно дали со оглед на тоа што одредени одредби на Законот за лекови дозволуваат прометување на лек и без решение за ставање на лек во промет, може да се прифати снабдување и без решение за ставање на лек во промет, а во согласност со законските одредби. Договорниот орган на 28.08.2020 година во 09:38 часот одговорил на прашањето и не прифатил снабдување без решение за ставање на лек во промет, при тоа изолирано цитирајќи го став 1 од членот 17 од Законот за лекови и медицински помагала, без да го земе во предвид став 2 од истиот член. Укажува дека, незадоволен од ваквиот одговор, односно пропуштањето да се даде соодветен и законит одговор од страна на Договорниот орган, поднел жалба до тужениот орган, со која побарал наведениот одговор на Договорниот орган да се поништи и да му се наложи на првостепениот орган при евалуација на поднесените понуди документот - решението за ставање на лек во промет за дел 1 и 2 од техничката спецификација да не го цени како задолжителен документ врз основа на кој може да отфрли било која од поднесените понуди, притоа цитирајќи ги одредбите од член 17 став 2 и член 79 став 2 алинеа 1 од Законот за лекови и медицински средства од каде јасно произлегувало дека лек може да се прометува и без решение за ставање на лек во промет, поради што тужениот орган во оспореното решение погрешно ја утврдил фактичката состојба дека медицинскиот кислород е регистриран и има такво одобрение, алудирајќи на регистрација на лек со ист генерички состав, притоа потврдувајќи го образложението на Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје. Појаснува дека, Агенцијата за лекови и медицински средства потврдила дека завземениот став на тужениот орган бил во целост погрешен, на начин што по поднесено Барање за издавање на Потврда за одобрување на увоз на нерегистриран лек - течен и компримиран медицински кислород од страна на тужителот за распишани тендери за набавка на медицински гасови издала потврди за увоз на нерегистриран лек - течен и компримиран медицински кислород, со кои се потврдувало дека ќе се даде

одобрение за увоз на лекови што немаат одобрение за ставање во промет. Како доказ кон тужбата приложил Потврди за увоз на нерегистриран лек - течен и компримиран медицински кислород за потребите на распишани тендери за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, ЈЗУ Општа Болница Куманово и ЈЗУ Клиничка Болница Битола. Според тужителот, од наведеното, неспорно се потврдувало дека со ваквото постапување тужениот орган дозволил Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје да ги исклучи од постапка економските оператори кои можат без решение за ставање на лек во промет да прометуваат стоки по пат на увоз, што резултирало со прекршување на член 82 став 6 и став 8 од Законот за јавните набавки со кои се наметнува законска обврска да се обезбеди еднаков пристап до постапката за јавна набавка за сите економски оператори и прекршување забраната за неоправдано попречување на пазарната конкуренција во јавните набавки и да упатува, фаворизира или елиминира определени економски оператори или определени стоки.

При одлучувањето, судот ги ценеше ваквите наводи на тужителот, но истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Судот цени дека, тужениот орган врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), правилно не ги прифатил жалбените наводи според кои договорниот орган несоодветно одговорил на навремено поставени прашања и барања за измени и дополнувања на тендерската документација од страна на жалителот, затоа што со увид во досието од постапката на ЕСЈН утврдил дека жалителот на ден 27.08.2020 година поставил прашања до договорниот орган, на кои договорниот орган согласно член 81 став 4 од Законот за јавните набавки, навремено на ден 28.08.2020 година и соодветно одговорил на поставените прашања. Исто така, Судот наоѓа дека, тужениот орган жалбениот навод на сега тужителот дека договорниот орган по поставеното прашање од страна на жалителот не прифатил снабдување без решение за ставање на лек во промет, при тоа цитирајќи одредби од Законот за лекови и медицински помагала, правилно го оценил како неоснован укажувајќи дека го прифатил образложението на договорниот орган во одговорот на жалбата дека, во член 79 став (4) е наведено дека „Агенцијата може да одобри увоз само на препарати кои се категоризирани како лекови, а немаат одобрение за ставање во промет", а со оглед на тоа дека медицинскиот кислород е регистриран и има такво одобрение, економските оператори не можат без решение за ставање на лек во промет да ги прометуваат овие стоки. Имено, во тендерската документација стриктно било наведено дека за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка за дел 1, 2 и 3, економскиот оператор требало да го докаже со доставување на Решение за ставање во промет на готов лек, согласно Законот за лекови и медицински средства. Судот укажува дека, од доказите во предметот, неспорно произлегува дека, медицинскиот кислород бил регистриран во Регистарот на лекови од Агенцијата за лекови и медицински средства, и дека два понудувачи имале доставено валидно одобрение за ставање во промет, а тужителот имал одобрение за ставање во промет кое важело до 30.01.2019 година и истото не го обновил.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 12.886,00 денари го одби како неосновано.

Со оглед на погоре наведеното, судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 08.07.2021 година, под У-6.бр.1743/2020.

Записничар - виш судски референт
Александра Гоческа Крстевска

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на РСМ, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот – преку полномошник адвокат Емил Мифтари од Скопје
- тужениот орган
- ЗЛ - ТДППУ ВЕСТА ДРОГЕРИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Скопје
- ЗЛ - МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС увоз-извоз Скопје

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

РН /

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 10 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник